# ИНСТРУКЦИИ-презентација на постигнатиот истражувачки напредок

Инструкции за презентациите за постигнатиот истражувачки напредок при пишување докторска дисертација, за запишаните кандидати до крајот на 2011 (менторски систем).

Со цел подобро да се поддржи и да има попрактични аспекти за двете јавни презентации, ние предлагаме на кандидатите да се разгледа Правилникот за презентации на пофлексибилен начин и да се понудат начини за презентации:

1.1. Групни презентации на два или повеќе кандидати од истиот факултет со цел да има поголема транспарентност и взаемна поддршка, со предлози за подобрување на научното истражување и пишување дисертација.
1.2. Презентација на национални, регионални и меѓународни конференции како дел од работата за докторска дисертација ќе се сметаат како презентација на ниво на факултет ( кандидатот треба да достави преку и-мејл скениран доказ , дневен ред и презентација на конференцијата).
1.3. Секоја презентација треба претходно да се објави на мрежата на УЈИЕ со цел да имаме подобри информации за заинтересираните страни (продеканот за последипломски студии на соодветниот факултет ќе се контактира преку и-мејл )